**Известување за концентрација со која КОНЧАР – Улагања д.о.о. за деловни услуги  Загреб, Хрватска ќе стекне единствена контрола над Напредна енергетска рјешења д.о.о. Загреб Хрватска**

**(предмет бр. 08-49/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.02.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која КОНЧАР – Улагања д.о.о. за деловни услуги (KONCAR Ulaganja d.o.o. za poslovne usluge) со регистрирано седиште на ул. Фалерово Шеталиште 22, Загреб Република Хрватска ќе стекне единствена контрола над Напредна енергетска рјешења д.о.о. (Napredna energetska rješenja d.o.o.) друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Фалерово Шеталиште 22, Загреб.

КОНЧАР – Улагања е дел од КОНЧАР Групацијата, групација на друштва активни во енергетскиот сектор – производство на опрема и постројки за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, како и шински возила и опрема за употреба во областа на транспортот и индустријата.

Групацијата на Стекнувачот има регистрирано присуство на пазарот во Северна Македонија преку своите подружници:

КОНЧАР ИНЖЕНЕРИНГ Д.О.О. ЗА ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ - Подружница Македонија, со адреса Борис Трајковски бр.1/1-8, Скопје-Кисела Вода, со регистрирана дејност: производство на апарати за дистрибуција и контрола на електрична енергија; и

КОНЧАР - АПАРАТИ И ПОСТРОЈКИ ДОО за производство Загреб Република Хрватска - Подружница КОНЧАР - АПАРАТИ И ПОСТРОЈКИ - Скопје, со адреса 11-ти Октомври бр.18, мезанин 2/1, Скопје – Центар, со регистрирана дејност: други градежно-монтажни работи.

Напредна енергетска рјешења д.о.о.  е сопственик на мнозински удел во Далековод д.д., матичната компанија на Далековод Групацијата, хрватска групација на компании активни во областа на проектирање, производство и изградба на далноводи, трафостаници и инфраструктура.

Напредна енергетска рјешења д.о.о. има регистрирано присуство на пазарот во Македонија преку своето поврзано друштво - Далековод д.д. кое има регистрирана подружница во Северна Македонија: ДАЛЕКОВОД Акционерско друштво за инжењеринг, производство и градење Загреб, Подружница ДАЛЕКОВОД Скопје со седиште на ул. Никола Парапунов бр. 41 – објект 5/бр. 22, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија. Регистрираната дејност на Подружница Далековод – Скопје е производство на метални конструкции и градежни делови.

Подносителот на Известувањето предлага како релевантен пазар да се земе релевантниот пазар на производи за проектирање, изградба и одржување на трансформаторски станици.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.02.2024 година
Скопје